ПЕНЗИОНЕРСКИ видици
НОВА МАКЕДОНИЈА
Број 72, **Четврток,** 18.1.2018
СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

ДЕКЕМВРИСКИ СЕДНИЦИ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА

# Континуитет на досегашните активности, но планирани и нови


Аеродром


Битола


Центар


Гази Баба


Карпош


Охрид


Радовиш


Штип

Пред новогодишните празници во голем број здруженија се одржаа седници на кои беа сумирани резултатите, беа донесени програми и финансиски планови за 2018 година, но имаше и празнични дружења со песна и оро. Општ заклучок речиси во сите здруженија беше дека програмите за 2017 во целост се реализирани, се работело домаќински, а програмите и финансиските планови за 2018 претставуваат континуитет на досегашните активности.

На 27 декември 2017 година, собранието на ЗП-Битола одржа седница на која ја разгледа едногодишната работа. Годишното работење на ова здружение беше оценето како многу успешно.

- Освен по некои пројавени проблеми, од субјективна природа, кои не беа во наша надлежност, сите преземени обврски кои ги имаше раководството на ЗП-Битола во целост се исполнети. Програмата претрпи мали измени, но главно поголемите активности се реализирани - истакна претседателот на ЗП-Битола, Томе Илиовски. Претседателот Илиовски имаше годишен отчет и пред претседателите на урбаните заедници од општината Битола и од општините Новаци и Могила.

Отчет за работата и за постигнатите резултати во изминатата 2017 година, ЗП-Гази Баба даде на редовната седница на собранието која се одржа на 26 декември. Покрај членовите на собранието, присуствуваа и членовите на ИО и претседателите на разграноците, при што беше анализирана работата на здружението и беа донесени значајни документи за натамошно работење и остварување на програмските задачи. Ѓорге Андонов, претседателот на ЗП-Гази Баба, го запозна собранието со активностите на здружението во 2017-та и рече дека оваа година особено е задоволен од успесите на полето на културно-забавниот живот, како и на резултатите на спортистите постигнати на регионалните и на републичките спортски натпревари, како и од здравствено-хуманитарните активности. Тој констатира дека со колективна работа на сите можат да се очекуваат подобри резултати во 2018 година.

Членовите на собранието на ЗП-Охрид и Дебрца, на шестата редовна седница во проширен состав, ги прифатија програмата за работа и финансискиот план за 2018 година. По овие два основни документи за работа, свое излагање имаше претседателот на ЗП-Охрид и Дебрца, Ѓорѓи Трпчески.

Во 2018 година ќе продолжиме со климатско-бањската рекреација на пензионерите, со здравствената едукација и со разрешување на проблемот со отворање здравствени ординации и аптеки во руралните средини, особено на подрачјето на Дебрца. Во оваа насока ќе се обидеме да се вклучиме во проектот за изработка на социјалната карта на пензионерите, посериозно ќе пристапиме кон волонтерството и ќе ја зголемиме грижата за осамените и незгрижени пензионери особено во руралните средини. Во областа на културата и спортот, активностите ќе се одвиваат стандардно како и во 2017 година, но со нови содржини, за поголема афирмација на здружението и на општината, а најави организирање на втора заедничка средба на пензионери на ЗП-Охрид и Дебрца со пензионери на ЗП-Демир Хисар, на Илинска Планина кај селото Брежани, во општината Дебрца.

На 20.12.2017 год., собранието на ЗП-Радовиш и Конче, во проширен состав со претседателите на разграноците, претседателот на НО и сметководителот, ја одржа својата редовна седница со која претседаваше Петар Јанков. Во подготовката на новата програма за работа и на финансискиот план учествуваа сите органи и тела на здружението. Во воведното обраќање, претседателот Јордан Костадинов ги истакна резултатите постигнати на полето на културата, спортот и на здравствено-хуманитарните активности. Потоа, тој зборуваше за информирањето, јавноста и отчетот во работата и за понатамошното унапредување на соработката со СЗПМ и со локалната самоуправа на општината Радовиш.

На 28.12.2017 година, членовите на ЗП-Штип ги разгледаа предлог-програмата и буџетот на здружението за 2018 година. Претседателот на ЗП-Штип, Александар Захариев, ги запозна присутните со тековните проблеми и се осврна на програмата и на буџетот.

Реално, програмата е приспособена според финансиските средства и скоро е идентична со минатогодишната. Таа ги усогласува потребите на пензионерите со средствата во буџетот, кој се базира главно само од членарина. Особено сакам да го нагласам проблемот со незавршениот Пензионерски дом, кој заглави во правните лавиринти, а потребата од домување на пензионерите е голема. Со некои мали забелешки, едногласно беа изгласани програмата и финансискиот план за 2018 година - истакна Захариев.

Собранието на ЗП-Солидарност-Аеродром одржа редовна седница на 26.12.2017 година.

За програмата за работа на здружението во 2018 година воведно излагање имаше секретарот Милорад Ристоски.

- Планираните активности произлегуваат од статутарните определби. Здружението, во соработка со СЗПМ, ќе се залага за: подобрување на стандардот на пензионерите, за културно-забавниот и спортскиот живот, здравствената заштита, климатско-бањската рекреација и друго. Преку програмата за работа ќе се зајакне и соработката со збратимените здруженија ЗП-Кисела Вода и ЗП-Охрид и Дебрца и со други организации и институции - истакна Ристоски.

Во дискусијата по програмата свое видување даде и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, кој потекнува од ова здружение. Димитрија Богатиноски, претседателот на ЗП-Солидарност-Аеродром, предложи во програмата да се планираат заеднички излети, турнири на мали спортови, фолклорни и хорски настапи и друго со здруженијата-членки од СЗП на град Скопје. Тој го образложи и предлог-финансискиот план на здружението за 2018 година.

- Во финансискиот план на здружението за 2018 година се бележат очекуваните приходи првенствено од членарината, бидејќи бројот на членовите континуирано расте и надмина 12.000 пензионери. Планираниот буџет е реален и ќе овозможи континуитет на досегашните активности, но и воведување на нови разновидни активности како што се прославата на Денот на здружението и издавање на публикацијата „Десет години - Клуб на љубители на книгата" - рече Богатиноски.

ЗП-Карпош, на 26 декември 2017 година ја одржа седмата редовна седница на собранието, на која претседателот Јован Гиновски го истакна значењето на донесувањето документи за континуирано и успешно функционирање во 2018 година. Тој даде краток осврт и на постигнувањата на ЗП-Карпош во 2017-та, заклучувајќи дека со планираните финансиски средства сите програмски активности во целост се реализирани. За предлог-програмата за работа во 2018 година зборуваше и претседателот на ИО, Трајко Савевски, кој истакна дека назначените содржини се совпаѓаат со утврдените цели во статутот на здружението, а истите се отворени и во зависност од потребите на членството секогаш можат да се дополнат.

И ЗП-Кичево ја одржа својата последна седница за 2017 година на која беа донесени битни одлуки за работата до крајот на годината, како и финансиски план за првите три месеци од наредната година. Во воведното излагање на секретарот на здружението, Добре Лазарески, беше констатирано дека годината која изминува бележи позитивни финансиски резултати и покрај тоа што во 2017 година здружението имаше поголеми трошоци околу реновирањето на просториите наменети за Клубот на пензионерите и негово опремување. Членовите на здружението не го криеја задоволството од отворањето на клубот, во кој ќе се дружат, ќе читаат весници, ќе играат шах, табла, карти и друго.

На 26.12.2017 година Собранието на ЗП Центар ја одржа 10-тата седница на која беше усвоен Финансискиот план за 2018 година. Седницата ја водеше претседателот на Собранието Вељан Стојковски, а воведни напомени поднесе претседателот на здружението Павле Спасев. На седницата присуствуваше Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ, на кој ЗП Центар му е матично здружение. Вакви седници одржаа и другите здруженија.

**К.С.Андонова**
**и дописниците на СЗПМ**

ШЕСТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ

# Донесена Програмата на Сојузот за 2018 година



На 22.12.2016 година се одржа шестата седница на собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Со седницата успешно раководеше претседателот на собранието, Бесник Поцеста.

Како и во изминатите години, и оваа седница на собранието се одржа со цел да се постигне заеднички договор за нови активности во претстојната 2018 година.

Прв на присутните им се обрати Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, истакнувајќи ги најголемите активности и постигнатите резултати во 2017 со надеж дека Сојузот така ќе продолжи да работи и во 2018 година.

По предложената програма за 2018 година воведно излагање имаше Станка Трајкова, секретарка на СЗПМ.



- Со Програмата се продолжуваат одредени активности како континуитет, но има и нови проекти. Фокус ќе биде даден на донесување на закон за пензионерско организирање во Македонија. Програмата има отворен карактер и во текот на годината ќе се дополнува со одредени актуелни активности - истакна, меѓу другото, Трајкова.

Со мали забелешки истата беше едногласно усвоена.

Финансиски извештај за работата на СЗПМ со преглед на приходите и расходите за периодот од 1.1 до 31.9.2017 година, со мислење на надзорниот одбор, поднесе претседателот на надзорниот одбор, Митре Стојановски, кој истакна дека на седницата на НО било констатирано дека СЗПМ во назначениот период работел домаќински и според планот, со извесни мали отстапувања заради зголемените активности и поскапувања на одредени услуги. Потоа, извештајот беше прифатен од членовите на собранието, а беше донесена и одлука за ребаланс на буџетот за 2017 година.

Предлог-финансискиот план на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2018 година, од присутните беше оценет како реален и сеопфатен, а предвидените активности во програмата за наредната година да се финансиски покриени. Трите документи беа поединечно и едногласно прифатени.

На крајот на седницата, претседателот на собранието, Бесник Поцеста, од свое име и од името на Сојузот им ја честиташе Новата 2018 година и на сите им посака добро здравје и активно стареење.

Калина С. Андонова

ЗП-ДЕМИР ХИСАР

# Декември полн со активности

ЗП-Демир Хисар годинава под мотото „Да не ги заборавиме најстарите“, а по повод одбележување на „Недела за грижа на стари лица“, и оваа година ја спроведе хуманитарната акција за грижа и внимание на најстарите пензионери кои се нашле во тешка материјална и здравствена состојба и кои се со пониски пензии. Во декември беа посетени 20 пензионери од повеќе рурални населени места од општината, при што им беа доделени пакети со најпотребните прехранбени продукти и се разговараше за нивните проблеми и потреби, а од страна на здравствените екипи, со лекар, специјалисти и медицински сестри беа вршени бесплатни прегледи. Делегацијата на ЗП-Демир Хисар беше предводена од претседателот Пере Петрески, секретарот на Црвениот крст - Иванчо Најденковски и медицински лица од Здравствениот дом. Тие при средбите истакнаа дека оваа посета на пензионерите со помали пензии е само еден дел од сеопфатната акција што ќе се реализира во наредниот период кога ќе бидат посетени над 100 пензионери во општината. Пензионерите трогнати и изненадени од посетата искажаа голема радост, задоволство и благодарност кон ЗП-Демир Хисар за несебичната и хумана помош, посакувајќи акцијата да биде пример и за другите Здруженија на пензионери во Македонија.

Исто така, за затоплување на своите домови скоро сите пензионери од општината Демир Хисар користат огревно дрво, за кое неколку години по ред се ангажира Здружението. Според зборовите на претседателот Пере Петрески, околу 500 пензионери навреме имаат добиено огревно дрво до почетокот на грејната сезона и тоа на 12 рати.

Делегација од ЗП-Демир Хисар, предводена од претседателот Петрески, оствари и работна средба со новоизбраниот градоначалник на општината Демир Хисар, Марјанче Стојановски. Честитајќи му го градоначалничкиот мандат, Петрески му ги пренесе честитките од името на сите пензионери на Здружението и му посака успех во работата за подобар и поубав Демир Хисар. Се дискутираше за неколку актуелни прашања кои ги засегаат пензионерите, а истите се во доменот на општината. Градоначалникот, како што вети и во неговата Програма, ќе се заложи во најскоро време да се почне со активностите за отворање на пензионерски клуб, катче во кое сегашните и идните пензионери од целата општина покрај дружењето, ќе се рекреираат играјќи шах, пикадо, табла, билјард и др. На средбата е добиено уверување дека Здружението на пензионери секогаш ќе ја има поддршката од градоначалникот. Секретарот на Здружението, Борис Најдовски, на средбата искажа благодарност за одличната соработка со локалната самоуправа и посака истата да биде продлабочена со нови заеднички проекти од заемен интерес. Инаку, машката игроорна група при демирхисарското здружение на пензионери деновиве одржува интензивни проби, подготвувајќи се за гостување на годишниот концерт на ДУД „Илинден“.

Зоран Стевановски



ЗП-ПРОБИШТИП

# Повеќе активности во рамките на проектот „Недела на грижа за старите лица“

Во организација на ЗП-Пробиштип, општинската организација на Црвениот крст и општината Пробиштип се одржаа многубројни активности за да им се покаже на старите лица дека не се сами. Во активностите се вклучија и повеќе институции. Тука се ЈОУДГ „Гоце Делчев“, здравствениот дом „Нада Михајлова“ и домот на културата „Злетовски рудар“ од Пробиштип.

Активностите започнаа уште на 20 ноември со делење пакети со прехранбени продукти од страна на општинската организација на Црвениот крст. Секретарот на организацијата, Митко Георгиевски, со своите волонтери посетија дваесетина семејства на стари лица со што ја покажаа својата хуманост која, како што рече секретарот Георгиевски, нема да се застане само со оваа недела туку ќе се продолжи и понатаму.

Наредниот ден, од страна на ЗП-Пробиштип, Црвениот крст и дечињата од детската градинка беа посетени станарите во пензионерскиот дом во Пробиштип, каде што беше изведена и кратка програма.

Во рамките на овој проект еден ден беше посветен на здравјето на граѓаните од третата животна доба, преку едукативни предавања од страна на докторките Марика Андонова и Татјана Атанасова во пензионерскиот дом. Откако присутните ги поздравија претседателот на ЗП-Пробиштип, Груица Манасијев и секретарот на ОО на Црвениот крст, Митко Георгиевски и им посакаа многу здравје и безгрижни денови, докторките-волонтерки при Црвениот крст зборуваа на повеќе теми како што се за ноември - месец за грижа на здравјето на машката популација, потоа за временските услови и мозочните удари, за есенските настинки и здравата исхрана и друго. На крајот на сите присутни им беа измерени крвниот притисок и шеќерот во крвта.



Четвртиот ден беше определен за спорт, поезија и релаксација. Пензионерите и волонтерите на Црвениот крст се натпреваруваа во салонски спортови како што се шах, табла, домино, карти и пикадо, додека членовите на литературниот клуб „Процвет“ при домот на културата „Злетовски рудар“ читаа лични творби посветени на бабите и дедовците. Беше тоа еден прекрасен ден кој долго ќе го паметат сите генерации-учесници.

Петтиот ден носители на активностите беа општината Пробиштип, ОО на Црвениот крст и здравствениот дом „Нада Михајлова“ од Пробиштип. Екипа од доктор и медицинска сестра, претставник од општината и волонтер од Црвениот крст посетија неколку рурални средини. При посетата, покрај мерење на притисок и шеќер во крвта, со луѓето од третата животна доба се разговараше за нивното здравје, за тоа како самите да си помогнат во одредени ситуации, како да стигнат до матичниот доктор во градот и сл.

Завршните активности ги имаше ЗП-Пробиштип. Претседателот на здружението, Груица Манасијев, со своите соработници посетија неколку пензионерски семејства од социјално ранливите групи. Притоа на сите им беа врачени пакети со храна, при што им ветија дека ова нема да биде единствена посета и дека здружението и понатаму ќе се грижи за нив.

М. Здравковска

ЗП-СТРУГА

# Со здрави навики до виталност и по 60-та година

Локалната агенција за развој од Струга почна со спроведување на нов проект чија целна група се возрасни лица на 60 години т.е. пензионери од општината Струга. Проектот ќе се реализира до мај 2018 година и истиот предвидува бесплатни психофизички вежби изработени специјално за повозрасни лица, предавања од областа на медицината и курсеви за приготвување храна.

Зошто ваков проект? Македонија старее. Во моментов во земјата има 300.000 пензионери. Возрасните лица живеат сами или со фамилиите во семејните куќи. Нивната социјализација е ограничена на поблиската фамилија - доколку имаат среќа фамилијата да им е блиску. Голем број од старите лица во Струга и Струшко се осамени, бидејќи децата им се во странство и доаѓаат многу ретко. Секојдневието на овие лица е исполнето со многу предизвици, бидејќи се ограничени во движењето поради болест или изнемоштеност. За многу од обврските (како набавка на храна, лекови и плаќање сметки) зависат од други лица, а неретко се жртви и на семејно насилство, каде што им се одзема пензијата и тие немаат можност да управуваат сами со своите средства. Поради сето ова многу стари лица се повеќе се повлекуваат во себе, се изолираат, склони се кон депресија, покрај другите здравствени проблеми кои ги имаат.

А старите лица кои се во добра форма најчесто не ги гледаат своите потреби туку се гледаат себеси како припомош на фамилијата, додека се во состојба да помагаат. Не грижејќи се за себе, за своето здравје, тие побрзо се доведуваат во немоќна состојба и потоа зависат од милост на фамилијата, роднините или се оставени сами на себе.

-Овој проект се спроведува во рамките на регионалниот проект „Преземање на акција за социјална инклузија на стари лица“ и е поддржан од Европската Унија со финансиска поддршка на австриската агенција за развој и австрискиот Црвен крст. Во рамките на проектот, на 23 декември 2017 година, во Струга се одржа првото предавање „Дегенеративни заболувања“ на д-р Благоја Ѓорѓиевски, спец. физијатар.

За масовноста на предавањето особено се ангажираше претседателот на ЗП-Струга, Милорад Трпоски, кој и самиот беше присутен на предавањето.

С. Кукунешоски

ПРЕДНОВОГОДИШНИ ПРАЗНУВАЊА ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА

# Весело, достоинствено и хумано



Битола



Илинден



Кочани



Прилеп



Радовиш



Штип



Струга



Тетово

По повод новогодишните и божиќните празници, Активот на пензионерки при ЗП-Битола во сопствена режија организираше прослава за своите членки-пензионерки. На прославата присуствуваше и здружението на пензионерки „Силата на бабата" од општината Новаци.

Како и за секој поголем празник, Активот организира свеченост со присуство на членството. Ова се моменти на дружба во весело расположение - појасни Марика Илиевска, претседателка на Активот на пензионерки при ЗП-Битола.

Традиционално и годинава, ЗП-Прилеп пред новогодишните и божиќните празници на стотина свои членови со ниски пензии им додели пакети од по илјада денари.

Членовите на секцијата на пензионерки при ова здружение и годинава по традиција го посетија Здружението на родители со деца заболени од церебрална парализа и им поделија новогодишни пакетчиња. Треба да се истакне и тоа дека годинава, за помош на своите членови на име еднократна парична помош и за бањско лекување ЗП-Прилеп додели над еден милион и петстотини илјади денари.

Во просториите на хотелот „Ваго" во Штип се собраа околу 300 пензионери, домаќини и гости од здруженијата на пензионери од градовите со кои ЗП-Штип соработува. Прв на пензионерите им се обрати претседателот на ЗП-Штип, Александар Захариев.

Во овие претпразнични мигови, кога продолжуваме една долгогодишна традиција, ќе ми дозволите да ве поздравам вас и нашите гости. Почитувани пензионери, на оваа забава за миг да ги оставиме проблемите, со оро и песна да се дружиме и да си посакаме среќен Божиќ и Нова година, здравје, љубов и поголеми пензии во 2018 година - истакна Захариев.

Традиционално, како секоја година во овој период, истакна претседателот Милорад Трпоски, раководството на Активот на пензионерки при ЗП-Струга, раководено од претседателката Елисавета Лазареска, на децата со посебни потреби и на децата од социјално загрозените семејства им врачи 20 новогодишни пакетчиња кои ги обезбеди ЗП-Струга. На крајот на средбата децата им се заблагодарија на присутните и се претставија со програма што ја подготвија со своите наставници.

На 29.12.2017 год., ЗП-Радовиш и Конче организирано ги дочека и прослави новогодишните и божиќните празници. Оваа традиционална средба, на која присуствуваа над 300 пензионери, се одржа во ресторанот „Рио", а за добрата музика и за веселото расположение се погрижи веќе познатата музичка група „Крешендо", предводена од раководителот Слободан Трајанов. На предновогодишната прослава здружението ги прогласи и најдобрите спортисти и фолклористи за 2017 година на кои им беа доделени признанија. Пензионерите од Радовиш и Конче, видно расположени создадоа прекрасна атмосфера со песни и ора и весело дружење, и поминаа уште еден незаборавен ден.

По повод Нова година и Божиќ, ЗП-Кочани ја реализира акцијата за дарување пакети за пензионерите кои се социјално загрозени и се со ниски пензии.

Согледувајќи ја состојбата на терен, заедно со комисијата за здравство и стандард донесовме одлука да доделиме 58 социјални пакети кои ги добија пензионери од градот и од околните населени места во општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево. Од овие пакети, 35 беа доделени на пензионери во градот, а 28 социјални пакети во населените места од овие три општини - ни изјави Ѓорги Серафимов, претседател на ЗП-Кочани. Паралелно со оваа активност, комисијата за активност на пензионерките при ЗП-Кочани реализираше посета на 23 осамени и болни пензионерки во нивните домови.

Пред почетокот на 2018 година, на 26 декември, ЗП-Илинден организираше свечена прослава за 310 свои членови и гости, а која беше повод и да се прослават успесите и резултатите од изминатата, со надеж за постигнување уште подобри во наредната година. На прославата присуствуваше и претседателот на Градскиот сојуз на пензионери, Методија Новковски, а беа поканети и членови и гости од повеќе други здруженија со кои остваруваат плодна соработка: ЗП-Ѓорче Петров, ЗП-Воени пензионери и ЗП-Бутел. На прославата, претседателот на ЗП-Илинден, Благоја Атанасовски, поздравувајќи ги гостите, на сите присутни им ги честиташе новогодишните и божиќните празници, посакувајќи им многу здравје и исполнети пензионерски денови.

Предновогодишни празнувања со песна и оро имаше и во ЗП-Куманово, ЗП-Сарај, ЗП-Кичево, ЗВП, ЗП-Центар, ЗП-ОВР, ЗП-Свети Николе и други. По повод новогодишните празници многу здруженија ги посетија своите болни и изнемоштени членови, посетија пензионерски и старски домови, институции за згрижување деца и лица со пречки во развојот и на сите им подарија новогодишни пакети.

**К.С.Андонова**
**со дописниците на СЗПМ**

ЗП-КУМАНОВО

# Весела новогодишна забава



Традиционалната новогодишна забавно-спортска вечер се одржа на 28.12.2017 година во ресторанот „Грација". На забавата присуствуваа околу 350 пензионери, меѓу кои и пензионери од разграноците од селата Пчиња, Агино Село и Умин Дол. На почетокот присутните ги поздрави претседателот на ЗП, Спирко Николовски. Тој им ги честиташе новогодишните и божиќните празници и им посака добро здравје, долг и среќен живот. Од името на локалната самоуправа на присутните им се обрати раководителот на комисијата за култура и спорт, Цоки Ристовски, кој нагласи дека ЛС има добри соработници во ЗП-Куманово и на присутните им упати новогодишна и божиќна честитка. Краток осврт на зацртаната и реализираната програма во 2017 година поднесе претседателот на комисијата за спорт, одмор и рекреација, Љубе Димитриевски. По обраќањата беа прогласени најуспешните спортисти-пензионери кои на дваесет и вторите Републички спортски игри освоија медали.

На предлог на комисијата за спорт и по одлуката на ИО на здружението, за спортистка на годината беше прогласена Мирјана Андоновиќ, која освои златен медал во фрлање ѓуле со резултат 10,44.м. И од Општинскиот сојуз на спортови, на ниво на градот, истата е предложена и за најуспешна спортистка-пензионерка.

За најуспешна екипа, за освоен златен медал во шутирање на мали голови беше прогласена екипата во состав: Љубинка Денковска, Миленка Крстевска, Маргарита Божиновска и Славица Миленковска. Сите добија дипломи.

За освоени сребрени медали диплома добија: Јасмина Тодоровска во трчање на 60 метри до 60 години и Блажо Станојков во фрлање ѓуле со резултат 12,04 м.

За најуспешен тренер во атлетски дисциплини беше прогласен Мирко Цветковски, а истиот доби диплома и од ОС на спортови на ниво на градот.

За најуспешен спортски работник беше прогласен Јовица Ванчевски, кој беше и републички судија во домино.

За највозрасна натпреварувачка во шах подарок доби Вера Зориќ.

Забавата беше весела и пензионерите не престанаа да пеат и да играат. На крајот сите присутни направија заедничка фотографија за спомен. За музиката и за веселото расположение се грижеше Џајо, а водителка беше Јасмина Тодоровска.

**Љ. Кузмановска**

ЗП-ОХРИД И ДЕБРЦА

# Книга за настанокот на охридската песна „Бог да бие Русе“

Заминувањето во пензија за многумина значи и откажување од многу активности, а особено од интелектуалните. Но за некои пензионирањето значи доволно време и простор за исполнување на некои дамнешни неостварени желби, пасии и хобија, кои поради обемните и напорни работни и животни обврски не можеле да ги исполнат.

Еден ваков пример е познатата медицинска сестра, охриѓанката Божана Атанасова, која целиот работен век го минала во охридската амбуланта меѓу охриѓани попозната како „маларична“. По нејзиното пензионирање од пред неполни пет години има напишано три книги кои го привлекоа вниманието кај љубителите на пишаниот збор во Охрид. Атанасова, за овој краток период ги има напишано книгите: „Водици“, „Талкачи по виножитата“ и „Митуш“. Од нејзините три книги, особено внимание и интерес кај охридската читачка публика предизвика книгата „Митуш“. Имено, во оваа книга е опишан животот на еден човек кој со господова одредница се жени со убавата Русевѓија (Русе), која е опеана во македонската народна песна од охридскиот крај со наслов „Бог да бие Русе твојата мајка“ или со друг наслов „Русе седи на мовчето“.




Постарите охриѓани се уште свежо се сеќаваат на оваа убава девојка и на нејзините родители Анѓелина и Анѓеле од селото Трпејца на брегот на Охридско Езеро.

Настанот на песната е од втората половина на 19 век и во неа е опеана една младешка невозвратена љубов, животната сторија за убавата црнокоса девојка Русе и нејзиниот избраник Димитри Атанасов - Митуш.

Атанасова во својата книга пишува дека во убавата Русе биле вљубени многу млади момчиња. Меѓу нив биле убавиот Џоџе и богатиот Науме, ама таа не го сакала ни богатото ни убавото момче, кое било сиромашно. Невозвратената љубов на Русе кон младите момчиња била повод непознатиот песнопоец да ја испее оваа позната охридска песна.

За да ја напише оваа интересна вистинита случка за убавата Русе, мотив е крвното сродство на авторката Атанасова, која е снаа на Александар, синот на Димитар и Русе.

- За да ја напишам оваа книга имав голема поддршка од мојот сопруг Димитар, на кого и му ја посветувам. Овде не застанувам, ќе продолжам да пишувам. Имам интересни вистинити настани за Охрид и охридско, пишувањето ми причинува задоволство и душевно ме исполнува - вели авторката Атанасова.

К. Спасески

ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ - ЧАИР

# Јубилејна прослава со традиционален концерт



Во Домот на армијата на Република Македонија во Скопје, на 22 декември 2017 година, Клубот на пензионери и ансамблот „Вања Лазарова“ при Црвениот крст на Република Македонија, општинска организација - Чаир, по повод одбележувањето 30 години од формирањето и 18 години активност на ансамблот на народни песни, одржаа традиционален концерт. Во клубот членуваат главно пензионери-активисти и крводарители, чија основна цел е да се дружат и да го исполнат своето слободно време. Во знак на благодарност, на повеќе активисти, членови и институции им беа доделени благодарници.

Како клуб сме препознатливи по нашата тогашна пејачка група, формирана од нашиот доајен на македонската музика, Вања Лазарова. Се гордееме што сме дел од овој клуб и сите носиме во нас еден дел од неа. Благодарни сме што ни го остави нејзиното име и во аманет ни остави да ја негуваме македонската песна, како што ја негуваше таа цел живот. Можеме да се пофалиме со многубројни активности и настапи на разни локални, државни и меѓународни хуманитарни концерти и фестивали, како што се во Турција, Чешка, Латвија, Литванија, Шпанија, Србија и многу други - ни изјави Ленче Чолаковска, претседателка на клубот, при општинската организација на Црвен крст - Чаир.

Концертот започна со исполнување на свечената песна, во изведба на хорот, а под диригентската палка на Милорад Илиќ-Раде, по што се редеа низа убави македонски народни песни. Свеченоста со свој настап ја збогатија и пејачите: Марија Петковска, Александар Темелков, Тахир Сефери и Бети Милиќ. Посебен амбиент создаде младинското културно-уметничко друштво „Скопје“ од Скопје, кое ја крена публиката на нозе. На крајот, присутните гости со громогласно ракоплескање и овации ги наградија славениците.

Васил Пачемски

ЗП-ВЕВЧАНИ

# Голем број активности во Клубот на пензионерите

Клубот на пензионери од ЗП-Вевчани изминатата 2017 година ја започна со голем број активности. Како што не информира претседателот на ИО на здружението, Витомир Костојчиноски, активностите започнале со промоција на романот „Пред шарени врати“ од вевчанецот Косте Шутиноски. Вевчанските пензионери во својот клуб биле сведоци на голем број промоции. Така, на 16 февруари 2017 год., во присуство на поголем број пензионери се одржа и промоција на книгата „Војводата Ставре Гогов - јунак и легенда“ од пензионерот Мате Гогоски, внук на војводата.

Во овој единствен и од скоро отворен клуб се организираат и други програмски активности. Како резултат на тоа ЗП-Вевчани има реализирано значајни резултати на планот на развојот на културата. Во клубот се промовирани уште четири книги од вевчански автори и тоа: Верица Мукоска дебитираше со романот „Дневникот на длабоките тајни“, Драган Попоски - Стојнин со збирката песни „Резби во времето“ и „Љубов и омраза“ од Мира Јанкоска. Исто така беше организирана и ликовна изложба од академскиот сликар м-р Владо Мукоски, како и поетски митинг на поети од Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија и од Македонија во рамките на Струшките книжевни средби, а беше промовирана и збирката песни „Да се јадеше зборот“ од пензионерката Стојанка Гогоска.



Активностите на клубот на ЗП-Вевчани за изминатата година беа заокружени со поставување изложба на уметнички фотографии именувана како „Часовникот“ од Анастас Ќушкоски.

С. Кукунешоски

ТЕТОВО

# Средба со пензионерот Марин Најдов

Марин Најдов е пензиониран како виш офицер во Армијата на Република Македонија. Веќе 14 години војничките команди ги има заменето со други активности, но секогаш во динамика својствена на неговиот дух и карактер. Го сретнавме во Тетово каде што поразговаравме за неговите сегашни ангажирања, за тоа како ги минува деновите како човек од третата доба. Марин вели дека освен зголемените обврски во семејството, постојано е ангажиран во разни асоцијации и организации.

Смета дека доволно се ангажира да придонесе не само во постоењето, туку и во севкупните активности на Сојузот на борците во својот град. Основач е на здружението „Достоинство“ во Тетово, а ангажиран е и во управниот одбор на културно-уметничкото друштво - здружение на Срби и Македонци „Бранко Чајка“.



- По конфликтот во 2001-та година бев меѓу иницијаторите за формирање на здружението на бранителите „Достоинство“ во Тетово. Нашето функционирање е на достоинствен начин да се обезбедат законските одредби за подобар живот на бранителите и на нивните семејства. Преку здружението на бранителите се поставени спомен-плочи на загинатите бранители на местата на нивното погубување. Такви случаи во тетовскиот крај имаше на Попова Шапка, Калето, во близина на објектот на некогашното Радио Тетово како и во близина на Гајре, Теарце, Ратае, Лешок и Вејце. Секако, најмасовното погубување е забележано кај месноста Карпалак на автопатот Тетово - Скопје, каде што загинаа 10 припадници од резервниот состав на Прилеп. Тетовско „Достоинство“ е постојано на сите чествувања. Од весникот „Пензионер плус“ сум информиран за богатите активности на оваа невладина организација. Читам и во други весници, а повремено гледам и на телевизиите - ни рече Марин Најдов.

Гојко Ефтоски

# Новогодишна порака

Минуваме низ тунелот на зимата. На крилјата на радостите што ги носи зимата, и ние полетуваме. Поминува времето кога ноќта е најдолга. Денот ја презема водечката позиција и почнува да расте...

Книги, елки, ѕвончиња, песни, богата трпеза и разни други подароци. Преку подароците ги загатнуваме љубовта и добрите мисли кон некого. Па и ако немаме ништо материјално да подадеме, можеме да се насмееме добродушно или да испееме некоја стара песна некому. Не е важно дали е дете или старец. Гласот открива многу. Личноста што пее дарува некому нешто и преку песната. Може да се напише некоја стихотворба или да се направи подарок.

Подарете ја книгата „Приказната за сината планета“ од исландскиот писател Андри Снаер Магнасон, со илустрации на Аслауг Јонсдотир или романот за деца „Тоње Глимердал“ на познатата норвешка писателка Марија Пар.

Да се обидеме да бидеме креативни. Тоа може и со мали нешта да го направиме. Добро е да не ги заборавиме птиците. Еве, може од пресечен портокал откако ќе ја изедете внатрешноста, од пресечената половина да направите сад за храна за птици. Дупнете две дупчиња, ставете коноп и на најблиската гранка однесете во него некоја храна за птиците, закачувајќи го креативниот сад којшто воопшто нема да ве чини. Така што, може да не трошиме пари на непотребни нешта кои само нè егзалтираат и ни носат лажна среќа и лажна сигурност. Запомнете - мирот е најубавата душевна состојба.

Затоа да им дариме на луѓето кои можеби немаат ништо, да ги посетиме старците во пензионерските домови и децата без родители згрижени во домовите. Велат благосостојбата на една држава се гледа во добриот живот и во среќата на оние кои живеат во тие домови.

Ги чекаме празниците за да дознаеме во што е човештината. И на крајот и на почетокот на годината можеби сакаме да се увериме од каде сме дојдени тука ние луѓето. Дали можеби сме настанале од некоја ѕвездена прашина?!

Вознемирени заради многу нешта кои не поразуваат во секојдневието, сите случки поврзани со крајот и почетокот на новата година треба да ни помогнат да најдеме решение и за најтешките проблеми. Да ги откриеме и најскриените тајни. Да се откриеме и себеси и другите повторно на вистинскиот начин.

Помеѓу легендите, митовите и новинските написи да не се изгубиме и да ја најдеме својата ѕвезда. Како ѕвездата на врвот од елката. Сите китиме елки, нели? Дури и пееме и на елката. Ескимите, на пример, немаат елки, а ние имаме и даб, и велиме дека тој е симбол на цврстина.

Не ги сакам петардите и пијанките. Свеќите да, и снегулките од хартија. Песната за коледе ми звучи пагански. Има многу поубава песна сега, сите веќе ја знаат и ја пеат.

Мојата желба и порака е да има здрави и среќни луѓе во државава, со здрави и големи семејства, оти и државата е едно големо семејство! Да зачекориме и во оваа година со убава мисла.

Маја Белева

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици
Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија
Страниците ги уредуваат: СЗПМ
Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија“